# 2013

# ОПШТИНА **АЕРОДРОМ**

Отчет на градоначалникот
на Општина **Аеродром** за
реализираните дела во **првите**
**365 дена** од вториот мандат



www.aerodrom.gov.mk



## ПОЧИТУВАНИ СОГРАЃАНИ,

Во изминативе 365 дена, како и во првиот мандат од 2009 до 2013 година, продолживме да ја правиме Општина Аеродром најурбана, најспортска и најзелена општина во Република Македонија.

Уште од стартот на мојот втор мандат со забрзано темпо се зафативме со реализација на зацртаната програма и ги почнавме буквално сите проекти предвидени во програмата за 2013 година, а стартувавме и бројни проекти што не беа опфатени со предизборната програма.

Како и до сега и понатаму ќе продолжиме да вложуваме и да се трудиме да го оправдаме мислењето дека Аеродром е една од најмодерните општини во градот. Ние сме горди на овој епитет.

Од друга страна, иако важиме за една од најурбаните општини во Република Македонија, што по „правило" асоцира на многу бетон, Аеродром стана најзелена општина со огромните зелени површини и со новите модерни паркови што ги изградивме за луѓето да можат да се рекреираат во близина на своите домови. Помладите да спортуваат, а повозрасните да уживаат во убавините што ги нудат овие паркови.

Што се однесува до младите, кои ја прават Аеродром најмлада општина во буквална смисла на зборот, тие се наша инспирација и императив да се грижиме да добијат достојни услови за безгрижно детство, но и квалитетно образование и воспитание, преку изградбата на детски игралишта и реконструкцијата и изградбата на нови училишта и детски градинки.

Но, воопшто не ги запоставуваме ниту руралните делови во општината, каде што вложуваме огромни напори и големи финансиски средства за тие да се урбанизираат. За разлика од изминатите триесет-четириесет години, кога никој не вложуваше во овие населби, ние се зафативме со голем број капитални проекти.

Горно и Долно Лисиче ги поврзавме со реконструиран и проширен регионален пат, кој има исклучително значење за жителите на овие две соседни населени места, бидејќи им овозможи побрза сообраќајна комуникација со другите делови од општината и центарот на градот. Тие добија и тротоари и јавно осветлување на поголемиот дел од патната инфраструктура, така што уште повеќе им се подобрија условите за живеење.

Со амбициите нема да запреме, а ќе се заложиме да не запре ниту развојот на општината, така што Аеродром да остане гордост на Скопје и на Македонија.

**Со почит,**
**Ивица КОНЕВСКИ,**
***градоначалник на Општина Аеродром***

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

**редакција:**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Милена СТЕФАНОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА
Одделение за односи со јавноста и меѓународна соработка

**издава:**
Општина Аеродром
**градоначалник:**
Ивица КОНЕВСКИ
**лектор:**
Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА
**печати:**
Графички Центар Скопје - Скопје
**тираж:** 30.000 примероци

**телефон:** 02 2400 970
**факс:** 02 2401 546
**e-mail:**
aerodrom@aerodrom.gov.mk
**web:**
www.aerodrom.gov.mk
**адреса:**
Венијамин Мачуковски 6
1000 Скопје



# РЕКОНСТРУИРАН ПАТОТ **ГОРНО-ДОЛНО ЛИСИЧЕ**

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески, на 26.9.2013 година официјално го пуштија во употреба проширениот и реконструиран пат Горно – Долно Лисиче.

„Овој проект има исклучително значење за жителите на Горно и Долно Лисиче, бидејќи изградбата на овој со години оштетен и тесен пат, им овозможи побрза сообраќајна комуникација со другите делови од општината и центарот на градот", изјави градоначалникот Коневски.

Должината на патот од Горно до Долно Лисиче изнесува 3,5 километри, а широчината 6 метри.

Реконструкцијата на патот Горно - Долно Лисиче што се изведе во рамки на Програмата за рехабилитација и подобрување на локалната патна мрежа во Република Македонија, чини 24 милиони денари обезбедени од Европската банка за обнова и развој.



# ПРОШИРУВАЊЕ НА **БУЛЕВАРОТ „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА"**

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски на 11.10.2013 година го означија почетокот на градежните работи за проши-

# НОВА УЛИЦА ПОКРАЈ **КЕЈОТ НА ВАРДАР**



На потегот од спортскиот центар „Јане Сандански“ до булеварот „Србија“ паралелно со булеварот „АСНОМ“ се гради нова сервисна улица со паркиралиште.

„Со изградбата на новата улица ќе се овозможи полесен пристап до објектите што се градат покрај кејот на Вардар, а ќе се добијат и 120 нови паркинг-места. Бенефиција од изградбата на улицата со паркиралиште ќе имаат не само корисниците на објектите, туку и сите граѓани во општината, а најмногу жителите на населбата Јане Сандански“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски.

Новата улицата, која ќе биде целосно осветлена, е со вкупна површина од над 12.000 квадратни метри и должина од 940 метри.

Според проектот, градежните активности, исто така, опфаќаат изградба на тротоари со комплетна комунална инфраструктура, атмосферска и фекална канализација, водовод и асфалтирање на улицата.

рување и реконструкција на булеварот „Трета македонска бригада“.

„Овој проект е уште една потврда за континуираната работа на Градот Скопје за подобрување на животот во Скопје, за подобрување на сообраќајните врски во градот, зголемување на безбедноста во сообраќајот и за намалување на метежот“, изјави градоначалникот Трајановски.

Премиерот Никола Груевски изрази задоволство од континуираните напори на Град Скопје да воведе ред во сообраќајот, со оглед на фактот што последните пет години градот доби десетина нови и пошироки булевари, кружни текови и катни гаражи.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, изјави дека со проширувањето и реконструкцијата на булеварот „Трета македонска бригада“ ќе се решат секојдневните проблеми со сообраќајниот метеж во овој дел од општината, како и на луѓето што работат во околните објекти. „Проширувањето на оваа сообраќајница ќе овозможи побрза сообраќајна комуникација со другите делови од општината и со центарот на градот, а од друга страна ќе ја зголеми и сообраќајната безбедност“, додаде тој.

Инаку, булеварот „Трета македонска бригада“ која претставува важна сообраќајна артерија што го поврзува центарот на градот со Општина Аеродром, ќе се прошири и реконструира од крстосницата со булеварот „Србија“ до крстосницата со улицата „Никола Карев“ и ќе се трансформира во поширок булевар, со уредени тротоари, зеленило и ново осветлување.

# ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА УЛИЦАТА „АНГЕЛ ДИМОВСКИ“ ВО СТАР АЕРОДРОМ

На 24.7.2013 година градоначалниците на Општина Аеродром и на Град Скопје, Ивица Коневски и Коце Трајановски, официјално ја пуштија во употреба реконструираната улица „Ангел Димовски“ во населбата Стар Аеродром, која се наоѓа во близина на поликлиниката „Јане Сандански“.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски изјави дека точно за два месеци колку што беше предвидено, жителите во населбата Стар Аеродром добија нова улица, додавајќи дека Општината ќе продолжи да ги следи потребите на граѓаните и ќе реализира проекти со кои ќе се подобри функционалноста на општината и ќе се олесни животот на граѓаните.

Станува збор за целосна реконструкција на улицата „Ангел Димовски“ која се наоѓаше во многу лоша состојба, во должина од 300 метри. Вкупната широчина на коловозот заедно со тротоарите изнесува околу 9 метри, поточно ширината на асфалтниот коловоз изнесува околу 5 метри, додека тротоарите кои се изградени од бекатон плочки, се со ширина до 2 метри. Исто така, на улицата се изградија 12 нови сливници за подобро одводнување на атмосферската вода и се поврзаа со атмосферската канализација.

За реконструкцијата на оваа улица Општина Аеродром издвои 8 милиони денари од буџетот.



# АСФАЛТИРАНИ ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО ЛИСИЧЕ

Градежните активности во текот на 2013 година беа главно насочени кон асфалтирање на краците на повеќе улици во Горно Лисиче: Тодор Чангов, Ѓорѓи Капчев, Богомилски Поход, Божидар Рајковиќ, Божин Николов, Горноврановска, Лисец и Горно Лисиче.



**Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски изјави дека овој проект Општина Аеродром го реализираше во рекордно време со што се потврдува доброто работење на општината во насока на подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните.**





По налог на Општина Аеродром, изминатиот период се асфалтираше и улицата „Божин Николов" во Горно Лисиче. Улицата е асфалтирана во должина од 390 метри.

Градежни активности се изведоа и на улицата „Митре Влаот" во населбата Лисиче, зад трговскиот центар, која се асфалтираше во должина од 730 метри.

# НОВА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА



Градоначалниците на Град Скопје и Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, на 6.6.2013 година официјално го означија почетокот на изградбата на новопроектираните улици покрај булеварот „Трета македонска бригада“, која опфаќа комунална инфраструктура, поточно атмосферска и фекална канализација, водовод и на крај асфалтирање на улиците и тротоарите.

„Потребата од изградба на комплетно нова инфраструктура се појави поради сè поголемиот број нови објекти во овој дел од Општината. На тој начин ќе се овозможи полесен пристап и поврзување на новите станбени објекти со булеварот „Трета македонска бригада“, изјави градоначалникот Коневски, кој додаде дека за таа цел Општина Аеродром издвои околу 60 милиони денари од својот Буџет.

Новите сервисни улици со паркиралишта ќе опфатат околу 13 илјади квадратни метри вкупна површина.

# НОВА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“

На 16.8.2013 година градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески ја најавија изградбата на комплетната инфраструктура во населбата Реонски центар „Аеродром“.

Проектот опфаќа изградба на нови сервисни улици со тротоари во вкупна должина од околу еден и пол километар, кои ќе бидат целосно осветлени.

Исто така, во рамките на проектот ќе бидат изградени и околу 1.000 паркинг-места. Потребата од изградба на комплетно нова инфраструктура е неопходна поради сè поголемиот број нови станбени објекти во овој дел од Општината.

Изградбата на инфраструктурата во Реонски центар „Аеродром“ чини 70 милиони денари обезбедени од Буџетот на Општина Аеродром. Реализацијата на проектот се очекува да заврши на почетокот на 2014 година.





# НОВА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА **НА ТРИ ЛОКАЦИИ** ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Општина Аеродром постави нова фекална, атмосферска и водоводна мрежа на три локации: во Горно Лисиче на улиците „8“, „9“ и „10“, во Реонски центар „Аеродром“ на улиците „1“ „2“ и „3“, како и покрај булеваротт „Трета македонска бригада“ каде што се градат новите згради за домување.

Покрај канализациската мрежа, во моментов се постави и бетонска заштита на гасоводна цевка на дел од улицата „3“ во Реонски центар „Аеродром“. Бетонската заштита се изврши на гасоводна цевка во должина од 200 метри.



# ОКОЛУ **50 НОВИ ОБЈЕКТИ** ВО СТАР АЕРОДРОМ

„Би сакал да најавам уште еден од над 100-те проекти предвидени во мојата изборна програма. Тоа е проектот, со кој се овозможуваат услови за изградба на над 50 нови станбени единици во населбата Стар Аеродром, како и изградба на комплетна инфраструктура за потребите на жителите на оваа локација“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, на прес-конференција по добивањето на вториот градоначалнички мандат.

Станува збор за местото на воените бараки во Стар Аеродром, поточно на локалитетот Црква УЕ Б.

Општина Аеродром донесе детален урбанистички план за овој локалитет во согласност со новиот ГУП, и тоа секако во консултација со граѓаните и нивните потреби.

Исто така, според овој проект, Општина Аеродром ќе ја изгради комплетната инфраструктура неопходна за новите згради.



# ДВЕ НОВИ ПАРКИРАЛИШТА

Пролетта 2013 година беа изградени две нови паркиралиштата во Општина Аеродром со вкупен капацитет од околу 150 нови паркинг-места“ покрај булеварот „АСНОМ“ во близина на паркот со авион.

На овој начин Општина Аеродром продолжува да се справува со проблемот со кој се соочуваат жителите од урбаниот дел - недостигот од паркинг-простор. Паркиралиштата, едното со вкупна површина од околу 2.300 квадратни метри, а другото со вкупна површина од 1.400 квадратни метри, имаат пет паркинг-места наменети за лица со посебни потреби.

Со изградбата на паркиралиштата се овозможи посетителите на паркот „Аеродром“, како и на фудбалските игралишта, кои доаѓаат со автомобили да ги паркираат во непосредна близина, но исто така и за граѓаните кои живеат во најблиските згради.

Инаку, во Општина Аеродром до сега има изградено вкупно 17 нови паркиралишта со над 2.000 нови паркинг-места.

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА 4 ПАРКИРАЛИШТА ВО НАСЕЛБАТА ОСТРОВО



„Реконструкцијата на четирите нови паркиралишта во населбата Острово претставува уште еден доказ дека продолжуваме да го решаваме најгорливиот проблем, со кој се соочуваат жителите од урбаниот дел на Општина Аеродром - недостигот од паркинг - простор“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски.

Станува збор за обнова на 4 постојни паркиралишта меѓу зградите по должината на улицата „Владимир Комаров“ со вкупна површина од околу 5.000 квадратни метри и со вкупен капацитет од околу 150 нови паркинг-места. Обновата опфати замена на горниот асфалтен слој со нов.

Средствата за реконструкцијата на четирите паркиралишта во оваа населба во висина од 11 милиони денари се обезбедени во Буџетот на Општината. Паркирањето на двете паркиралишта е бесплатно.



# НОВ ТРОТОАР НА УЛИЦА „КОСТА НОВАКОВИЌ“

Жителите на улицата „Коста Новаковиќ“ во населбата Стар Аеродром добија нов тротоар.

Градежните активности на оваа улица опфатија асфалтирање на тротоарот во должина од 420 метри и широчина од 2,6 метри.

Новиот тротоар се протега од поликлиниката „Јане Сандански“ до маркетот „Тинекс“ на булеварот „Трета македонска бригада“.

# НОВИ ТРОТОАРИ ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

Општина Аеродром со цел да се урбанизира руралниот дел, веднаш по изборите почна со изградба на нови тротоари на 10 улици во Горно Лисиче и нивно целосно осветлување.

Станува збор за улиците „Тодор Чангов“, „Ѓорѓи Капчев“, „Благоја Мучето“, „Василие Ѓуровиќ“, „Божин Николов“, „Горноврановска“, „Лисец“, главната улица што се протега од „Февруарски Поход“ па сè до Усјанскиот канал и други улици во Горно Лисиче, како и Улица 1 во Долно Лисиче.

Вкупната површина на новите тротоари во Горно и Долно Лисиче изнесува речиси 14 илјади квадратни метри, а должината околу 9 километри.

Општина Аеродром претходно ја изгради канализациската мрежа и ги асфалтира улиците во руралниот дел. Новите и осветлени тротоари им овозможија на граѓаните да се движат побезбедно.





# ДЕТСКАТА УЛИЦА **„ТОШЕ ПРОЕСКИ“** ДОБИ НОВ ЛИК

„Со реконструкцијата на детската улица „Тоше Проески“, која на повеќе места беше оштетена, граѓаните добија поубаво место за прошетка, одмор и релаксација“, изјави градоначалникот Коневски на 18.9.2013 година, кога официјално се пушти во употреба реконструираната пешачка патека „Тоше Проески“, позната како детска улица. Тој додаде дека детската улица како култно место, на кое се собираат и дружат младите од целата општина доби посовремен изглед.

Инаку, пешачката патека е широка 7 метри, а долга 550 метри. Детската улица е поплочена со мермерни коцки и гранитни плочи, на кои се изгравирани јунаци од цртаните филмови. Патеката е комплетно осветлена, а поставена е и урбана опрема, поточно клупи и канти за отпадоци.

Покрај патеката се изградени 96 жардиниери со хризантеми и зимзелени растенија, кои ги донираше Град Скопје, преку јавното претпријатие „Паркови и зеленило“.



## **НОВИ** ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

Општина Аеродром изгради нови пешачки патеки на неколку локации на урбаната територија. Локациите се одредени во зависност од потребите на граѓаните, како и врз основа на нивните пристигнати барања со цел да се овозможи полесен приод до нивните домови.

Новите пешачки патеки се наоѓаат во населбата Острово на улицата „Владимир Комаров“ 6 и 8 зад ТЦ „Скопјанка“ кај игралиштето и во близина на пешачкиот мост кој води кон Скопски саем, како и на улица „Коста Новаковиќ“ 42 во близина на градинката „Изворче“.

Исто така, нова пешачка патека со широчина од 4 метри е направена и во средишниот дел меѓу новите згради во Горно Лисиче.

Патеките се изработени од бекатон плочки.

# ПОСТАВЕНИ **640 СВЕТИЛКИ** СО НОВИ ЛИНИИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Изминатиот период на повеќе локации во Општина Аеродром се поставија 640 светилки со нови линии за јавно осветлување.

Нови линии за јавно осветлување се поставени на неколку улици во Долно и Горно Лисиче, на улиците „Горно Лисиче", „Божин Николов", „Лисец", „Василие Ѓуровиќ", „Тодор Чангов", „Ѓорѓи Капчев", „Маршал Тито", „Горноврановска".

Нови линии за осветлување се поставени и во населбата Лисиче и тоа на неколку локации на булеварот „12-та Македонска бригада", потоа во населбите Ново Лисиче и Јане Сандански и тоа, покрај пешачките патеки, детските и спортските игралишта на булеварите „АСНОМ", „Видое С. Бато", „Јане Сандански", како и на неколку локации на улиците „Владимир Комаров" и „Бојмија" во населбата Острово.

Во рамки на тековното одржување на јавното осветлување изминатиов период се изврши и замена на 980 стари светилки со нови.

Исто така, се поставени и 12 нови рефлектори со светилки кај трите параклиси „Св. Стефан" до Мајчин дом, „Св. Никола" во паркот „Јане Сандански" и „Св. Богородица" во паркот „Тоше Проески".






Жителите на Општина Аеродром во 2013 година добија нови чешми за пиење вода. Чешмите се со нов модерен дизајн и со еколошка карактеристика, бидејќи функционираат со вентил на пуштање.

# НОВИ ЧЕШМИ ЗА ПИЕЊЕ ВОДА

Поставени се осум нови чешми на неколку локации во општината и тоа во населбата Острово кај детското игралиште на улица „Владимир Комаров" број 13, во близина на ОУ „Љубен Лапе", во дворот на ОУ „Лазо Ангеловски", меѓу зградите на булевар АСНОМ 20 и 74, како и во населбата Реонски центар „Аеродром".

Чешмите се поставени по барање на граѓаните, односно на локации каде што стручните служби утврдиле дека има потреба од поставување нови чешми за вода.

Инаку, во Општина Аеродром се поставени околу 70 чешми за пиење вода кои ги одржува ЈП „Водовод и канализација".



# НОВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“

Со сечење лента на 2.9.2013 година свечено беше пуштено во употреба новото училиште во Реонски центар „Аеродром“, во кое се остварува деветгодишно основно образование.

Името на новото училиште е „Александар Македонски“, а од оваа учебна 2013/2014 година се овозможи настава за ученици од прво до петто одделение, согласно интересот за запишување на првоодделенци, како и преминување на ученици од повисоките одделенија од други училишта. Од наредната учебна година, пак, се очекува постепено да се зголемува бројот на одделенијата со запишување нови ученици.

Училишната зграда се простира на површина од 5.300 квадратни метри со 18 училници, кои ги задоволуваат сите современи стандарди и нормативи за реализирање на воспитно-образовниот процес. Објектот располага и со простории за административно-технички персонал (канцеларии за директорот, стручната служба, наставниот и ненаставниот кадар, простории за техничкиот персонал, трпезарија, кујна, библиотека и спортска сала). Училишната зграда на новото основно училиште има вкупен капацитет за опфаќање на околу 900 ученици.

Мебелот и опремата потребни за внатрешно опремување на новото основно училиште во Реонски центар ги обезбеди Општина Аеродром, со финансиски средства предвидени во Буџетот на Општината за 2013 година.

Средствата за изградба на новото училиште во висина од околу 2 милиони евра, пак, се обезбедени од Буџетот на Владата на Република Македонија.

„Потребата од изградба на ново основно училиште произлезе со оглед на тоа што

# НОВИ ОГРАДИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Општина Аеродром го реализираше проектот за реконструкција и изградба на оградите во седумте основни училишта на нејзината територија.

Нови и реконструирани огради добија училиштата „Блаже Конески“, „Браќа Миладиновци“, „Љубен Лапе“, „Ѓорѓија Пулевски“, „Лазо Ангеловски“, „Димитар Македонски“ и „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче.

Реконструкцијата на оградите опфати замена на оштетените делови со нови, поправка на вратите, бојадисување, како и изградба на комплетно нова ограда во училиштата каде што недостасуваше.

За овој проект Општина Аеродром издвои околу 6,5 милиони денари од Буџетот, од кои 2,4 милиони денари се донација на Швајцарската агенција за развој и соработка.

Инаку, овој проект граѓаните на општината го прогласија за приоритетен на минатиот циклус „Форуми во заедницата“ одржан во Општина Аеродром.



во Аеродром, како најмлада општина, живеат околу 80.000 жители, од кои повеќето млади брачни парови со деца. Новото училиште нуди подобри услови за реализирање на воспитно-образовниот процес за сите ученици, кои своето образование го почнале во други училишта подалеку од местото на живеење“, изјави градоначалникот Ивица Коневски.

Со почнување со работа на новото основно училиште во Реонски центар, како што додаде градоначалникот Коневски, ќе дојде до забележително растоварување на најголемото основно училиште „Лазо Ангеловски“ во Ново Лисиче, кон кое изминатите години гравитираа учениците од населбата Реонски центар, што претставуваше дополнителен проблем за ова основно училиште во однос на обезбедувањето просторни услови, доволен број наставен кадар и доволно простор за непречено изведување современа настава и организирање на воспитно-образовниот процес.





# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДИНКИТЕ „БАМБИ“ И „ИЗВОРЧЕ“



Во текот на пролетта и летото 2013 година беа реконструирани две предучилишни институции и тоа, двете градинки „Бамби“ и „Изворче“, кои се клонови на градинката „Срничка“. Проектот опфати замена на прозорците и реконструкција на санитарните јазли, така што и овие две градинки добија комплетно нов изглед.

„Со цел да се подобрат условите за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во градинките, пред сè, грижата за децата кои ја претставуваат нашата иднина, Општина Аеродром ги реновира детските градинки со еколошки материјали и со тенденција тие да станат целосно енергетски и ефикасни објекти. На тој начин ќе се овозможи поквалитетно извршување на воспитно - образовниот процес и заштеда на енергија“, изјави градоначалникот Коневски.

Инаку, претходно Општина Аеродром целосно ја реконструираше градинката „Калинка“ со што стана првата енергетски ефикасна градинка, а се реконструираа и објектите на двете градинки „Срничка“ и „Буба Мара“ со нивните клонови, која опфати реконструкција на покривите, промена на прозорците, како и реконструкција на санитарните јазли, додека во меѓувреме беше пуштена во употреба и новата детска градинка „Сонце“ во Реонскиот центар „Аеродром“.

„Општина Аеродром досега за многу работи била пример, како и овој пат, за тоа како треба да се презема одговорност на локално, односно општинско ниво, во однос на грижата за децата“, изјави министерот Ристовски, поздравувајќи ја иницијативата за реновирање на детските градинки и повикувајќи ги и другите општини да го следат примерот на Аеродром.



# БЕСПЛАТЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ГРАДИНКИТЕ



Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, на 17.1.2014 година во детската градинка „Срничка" објект „Чекорче" официјално го означи стартот на проектот за подобрување на воспитно-образовниот процес во Општина Аеродром и Градот Скопје преку воведување бесплатен англиски јазик и проширување на капацитетот на детските градинки.

„Од 2014 година воведуваме бесплатно изучување на англискиот јазик во сите детски градинки во Општина Аеродром, што значи дека родителите веќе не мора да издвојуваат дополнителни средства од својот семеен буџет како досега", изјави градоначалникот Коневски, додавајќи дека програмите по кои се работи, се професионално изработени и соодветни за детската возраст, односно методиките за работа се прилагодени за деца од предучилишна возраст.

Изучувањето на англискиот јазик ќе стане дел од редовните активности во градинките и децата ќе продолжат редовно да го изучуваат овој светски јазик, за разлика од досегашната практика преку организирање курсеви.



# КАМЕН-ТЕМЕЛНИК НА СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР „ЈАНЕ САНДАНСКИ“



Во 2013 година беше поставен камен-темелник на спортскиот центар „Јане Сандански“.

„Со изградбата на спортскиот центар нашите спортисти ќе добијат достојни услови за вежбање, а Општина Аеродром и Скопје ќе имаат уште еден репрезентативен спортски објект, во кој очекувам да се нижат многу домашни и меѓународни титули и во кој нашите најмлади генерации ќе прераснуваат во врвни светски спортисти“, изјави градоначалникот Коневски.

Премиерот Никола Груевски изјави дека ова е историски момент за спортот во Општина Аеродром, додека градоначалникот Трајановски спортскиот центар го нарече храм на спортовите.

Новиот спортски центар со капацитет за 5.000 гледачи, се гради на местото на старата спортска сала. Во главната повеќенаменска сала ќе може да се вежба кошарка, ракомет, мал фудбал и одбојка, а според проектот ќе се изгради и помошна сала за тренинзи со капацитет од околу 1.000 гледачи, како и хотел, базен, спа и модерен фитнес центар.

Предвидената површина за градење на спортскиот центар изнесува околу 11.000 м$^2$, а максималната височина ќе биде 34 метри. Салата, пак, ќе биде висока 21 метар. Спортскиот центар „Јане Сандански“ е предвидено да се гради според сите стандарди на ФИБА и ЕХФ со над 500 паркинг-места.

Како што најави претставникот на фирмата „Јане Сандански“, која ќе го гради новиот спортски центар, во него ќе вежбаат кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје – Аеродром и женскиот ракометен клуб Вардар.

# МАЛИ СПОРТСКИ ИГРИ

Општина Аеродром во мај 2013 година беше домаќин на државните спортски игри, на кои учествуваа околу 5.000 ученици.

Спортските игри ги организира Федерацијата на училиштен спорт на Македонија под покровителство на Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт.

На игрите учествуваа шесте најдобри екипи од државата и тоа по две од источниот, западниот и скопскиот регион. Екипите се натпреваруваа во пет спортови и тоа: кошарка, футсал, ракомет,

На 3.1.2014 година официјално почна изградбата на ново повеќенаменско спортско игралиште наменето за граѓаните на Реонски центар „Аеродром“.

Ова е дел од проектот „100 повеќенаменски игралишта“ како инвестиција на Владата на Република Македонија, но и Општина Аеродром до сега има изградено повеќе од 20 вакви повеќенаменски спортски игралишта.

„Сите игралишта во Општина Аеродром граѓаните можат да го користат бесплатно, па дури и во вечерните часови, со оглед на фактот што се осветлени. Општината ќе продолжи да гради вакви спортски терени на сите оние места каде што недостасуваат сè со цел жителите на општината да имаат каде да спортуваат“, изјави градоначалникот Коневски. Конкретно на ова спортско игралиште ќе може да се игра ракомет, фудбал и кошарка.

Вкупната површина на повеќенаменското игралиште заедно со обиколната патека изнесува 1.300 квадратни метри, и ќе содржи два гола за мал фудбал и ракомет, како и четири коша.

Игралиштето ќе биде оградено со транспарентна жичена ограда висока шест метри и ќе биде целосно осветлено за да може рекреативно да се користи и во вечерните часови.

# СЕ ГРАДИ **ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ** ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“



# ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ **„СКОПЈЕ 2013“**




Од 26.5.2013 година до 20.6.2013 година во Спортскиот центар „Ново Лисиче“ се одржа вториот по ред турнир во мал фудбал „Скопје 2013“.

Турнирот, на кој се пријавија 60 екипи, го организираат Општина Аеродром и Град Скопје, кои имаат обезбедено награден фонд за победниците во висина од 300.000 денари.

одбојка и фудбал во машка и женска категорија, како и еден поединечен спорт атлетика и два промотивни спортови по велосипедизам и бадминтон.

Учениците натпреварувачи, кои дојдоа од други градови во државава беа сместени во домовите на учениците од скопските основни училишта. На тој начин, покрај спортскиот карактер, учениците имаа можност да се дружат, да се забавуваат и подобро да се запознаат.



# НОВА СПОРТСКА САЛА ВО ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

„Жителите на Горно Лисиче денеска добија нова спортска сала која претставува уште еден проект посветен на децата, на младите и на спортистите во Општина Аеродром“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, на 22.11.2013 година, кога официјално беше пуштена во употреба новата спортска сала во ОУ „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче.

Градоначалникот Коневски додаде дека со изградбата на повеќенаменската спортска сала на учениците во Горно Лисиче им се овозможија услови за квалитетни тренинзи, со доволно спортска опрема, справи и реквизити.

На официјалното пуштање во употреба на спортската сала присуствуваше и претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и Министерот за образование и наука, Спиро Ристовски.

„Основното училиште Гоце Делчев никогаш во минатото немало вистинска сала, која на учениците ќе им овозможи нормални услови за физичко воспитание и спорт, часовите се одржувале надвор или во несоодветни услови. Но, денеска веќе не е така. Денеска го оства-

# РЕКОНСТРУИРАНИ СПОРТСКИТЕ САЛИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА



Министерот за образование и наука, Спиро Ристовски и градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски на 26.8.2013 година свечено ги пуштија во употреба реконструираните спортски сали во основните училишта во Општината.

„Со оваа крупна инвестиција основните училишта целосно се модернизираа, а учениците добија соодветни услови за спортување на местата каде што го челичат своето здравје“, изјави градоначалникот Коневски. Тој додаде дека реконструкцијата на училишните објекти минатата година и реконструкцијата на спортските сали во основните училишта оваа година се најдобар доказ дека поголемите инвестиции Општина Аеродром ги вложува токму во образованието каде што се гради иднината на нашите деца. Во рамки на проектот за реконструкција на спортските сали беа опфатени и соблекувалните, како и просториите за реквизити.

Исто така, беа реконструирани покривите на спортските сали во некои училишта, се промени внатрешната столарија, се реновираа санитарните јазли, се поставија заштитни решетки на прозорците и вратите во спортските сали, се заменија подовите и плочките во соблекувалните и ходниците. Се молерисаа ѕидовите и плафоните, а се реконструираше и водоводната, канализациската и електрична инсталација и се постави инсталација за греење и проветрување на салите.

Средствата од речиси 30 милиони денари се обезбедени од Буџетот на Општина Аеродром.

Министерот Ристовски посочи дека Аеродром е пример за општина која веќе подолго време вложува во образованието, а сега и со инвестицијата во спортските сали, кои се составен дел на училиштата, значително ќе се подобри воспитно образовниот-процес.

ривме ветеното и направивме нова спортска сала“ изјави премиерот Груевски додавајќи дека новата сала е дел од проектот „Изградба на 145 спортски сали“ во рамки на Министерството за образование и наука.



Министерот Ристовски посочи дека правото на образование е највисокото право што Министерството за образование и наука има обврска во целост да го почитува и да го обезбеди, додавајќи дека децата преку училишните активности и образовни содржини треба да стекнат знаења, животни вештини и можности за индивидуален и професионален развој.

Инаку, во новата сала учениците имаат можност да тренираат кошарка, одбојка, гимнастика, ракомет и други спортови.

Училишната фискултурна сала има површина од 620 квадратни метри и височина од 7 метри, како и неколку повеќенаменски простории и тоа машка и женска гардероба, две наставнички канцеларии и санитарни јазли опремени со туш-кабини.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# ДОМАЌИН НА СПОРТСКИОТ БОН-ТОН

На 1.11.2013 година во паркот со авион во Општина Аеродром се одржа последниот настан од манифестацијата „Спортски бон-тон“ под покровителство на претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов.

Претседателот Иванов заедно со американскиот амбасадор, Пол Волерс и градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски ги проследија спортските активности покрај полигоните и разговараа со учесниците.

Во рамки на манифестацијата, која се реализира во соработка со 7 општини од Република Македонија (Кавадарци, Росоман, Аеродром, Валандово, Дебар, Центар Жупа, Теарце), околу 200 ученици играа традиционални игри на 7 полигони, а имаа предавање и активно учество во работилници.

„Целта на спортскиот бон-тон е младите од различни социјални и етнички групи да се дружат, да се забавуваат и да научат како да се натпреваруваат, како спортски да се однесуваат, да се научат на фер игра, но и да се потсетат на некои игри кои се веќе подзаборавени, како што се играње ластик, влечење јаже, скокање во автомобилски гуми и слично“, изјави градоначалникот Коневски. Поддршка на проектот му дадоа амбасадорот Волерс и претседателот Иванов кој рече дека е ова „еден исклучително важен проект, со кој преку игра и спортување младите се учат како да се однесуваат во животот“.



# НОВ ПАРК ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ



Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски заедно со претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов, на 12.9.2013 година официјално го пушти во употреба новиот зелен парк во Горно Лисиче.

„Со изградбата на овој парк граѓаните во Горно Лисиче добија зелено катче за одмор и рекреација, а Аеродром уште еднаш го потврди атрибутот на најзелена општина. Особено сме горди што Општина Аеродром стана препознатлива по нејзините прекрасни паркови", изјави градоначалникот Коневски, додавајќи дека со новиот модерен парк, исто така, ќе се облагороди овој со години наназад запуштен простор, што претставува уште еден придонес за екологијата.

Претседателот Иванов изрази задоволство дека при секоја негова посета во Аеродром се случува нешто ново.

Станува збор за хортикултурно и партерно уредување на паркот во Горно Лисиче со вкупна површина од околу 6.500 квадратни метри. Паркот содржи зелена површина од околу 3.000 квадратни метри, уредена со висока и ниска вегетација со 50 видови зимзелени и листопадни растенија, меѓу кои стотина дрвја главно платан, јавор и туја, стотина цветни грмушки и 200 барски растенија.

Новиот парк, исто така, содржи и езеро на две нивоа со пешачки мост, а над езерото е поставен видиковец. Другите содржини во паркот се детско игралиште (со лулашки, клацкалки, лизгалка и вртелешка), пешачки патеки, жардиниери, чешми за пиење вода, канти за отпадоци и клупи. Паркот е комплетно осветлен со нови штедливи канделабри и со сопствен систем за наводнување на зеленилото. Изградбата на паркот чини 35 милиони денари, средства издвоени од Буџетот на Општина Аеродром.

Овој парк е седми нов голем и модерен парк во Општина Аеродром, покрај паркот на езерата, „Јане Сандански", „Тоше Проески", паркот со авион, паркот во Реонскиот центар „Аеродром" и паркот во Лисиче, така што последниве неколку години се изградени околу 80.000 квадратни метри нова зелена површина во Општина Аеродром.

# ГОЛЕМА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Со работна акција на екипите на градските јавни претпријатија и на Општина Аеродром на 17.6.2013 година пред ортопедската клиника „Мајчин дом“ градоначалниците на Град Скопје и Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, официјално го означија почетокот на големата тридневна еколошка акција, во која беа вклучени екипи на јавните претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“, „Водовод и канализација“, „Градски паркинг“ и „Улици и патишта“. Акцијата опфати чистење диви депонии, кастрење гранки, миење на улиците, косење на тревата, интервенции во насока на подобрување на водоснабдувањето, крпење ударни дупки, поправка и миење на контејнерите и слично. Исто така, се собираше и кабастиот отпад.

Во големата еколошка акција, Општина Аеродром се вклучи со ангажирање на 100-тина сезонски работници и опремата со која располагаат. Покрај уредувањето на постојните, акцент се стави и на подигање нови зелени површини, и тоа покрај булеварите „Србија“ и „Февруарски поход“.

Посебно внимание се посвети на бунарите и на системите за автоматско наводнување, бидејќи Општина Аеродром е позната по големите зелени површини на кои им е потребно обилно наводнување.

# ЧИСТЕЊЕ НА УСЈАНСКИОТ КАНАЛ

Градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски на 27.10.2013 година организираа голема акција за чистење на Усјанскиот канал од пругата во Лисиче па сè до реката Вардар.

Во акцијата, која опфати комплетно чистење на каналот, градските служби ангажираа посебен тим задолжен постојано да го чисти овој канал.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски рече дека очекува инспекциите да ги спречат загадувачите да испуштаат неконтролирани супстанции.

Градоначалникот Трајановски, исто така, изјави дека заеднички инспекциски надзор



за откривање на загадувачите на каналот ќе вршат служби од Министерството за заштита на животната средина, Град Скопје, Општина Аеродром и Општина Кисела Вода, а ова е особено важно, ако се има предвид дека покрај каналот се наоѓаат три големи фабрики.

# БЕСПЛАТНИ ПРЕГЛЕДИ ЗА АЕРОДРОМЦИ

Во дворот на основното училиште „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче во април 2013 година се организираа бесплатни прегледи за граѓаните под мотото „Здравје за сите“. Акцијата вклучи превентивни прегледи од лекар, мерење крвен притисок, гликемија, телесна тежина и височина, како и медицински совети.



## **ГРИЖА** ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ



Здружението на пензионерите „Солидарност – Аеродром“ – Скопје во пензионерскиот дом во Аеродром одржа годишно собрание на кое присуствуваше и градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски.

„Општина Аеродром максимално се залага за подобрување на условите за живот на сите граѓани, а особено на пензионерите, со кои има коректна соработка“, изјави во своето обраќање градоначалникот Коневски.

## ПРОДАЖНА ХУМАНИТАРНА ИЗЛОЖБА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Во просториите на Општина Аеродром во април 2013 година и во јануари 2014 година беа поставени продажни хуманитарни изложби на рачни изработки од Здружението на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби СОЛЕМ – Скопје, како и на НВО „Порака“.

На изложбата можеа да се видат различни украси и други рачно изработени предмети од страна на членовите на Здружението. Целта на оваа изложба, покрај дружењето, социјализацијата и унапредувањето на секојдневната работа, е да се даде директна поддршка на процесот на деинституционализација на лицата со посебни потреби.

# ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ **ДАРУВАА КРВ**

Претставници на Општина Аеродром на 18.4.2013 година даруваа крв во новиот центар за крводарителство во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“.

Крводарителската акција ја организираа организациите на Црвениот крст на Република Македонија и на Град Скопје, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и Град Скопје, по повод отворањето на новиот центар.



# **СОРАБОТКА** СО АНИМА МУНДИ

Општина Аеродром и Здружението за заштита на животни Анима Мунди потпишаа меморандум за соработка.

Со потпишување на меморандумот за соработка Општина Аеродром направи уште еден чекор кон зголемување на грижата кон животните и на тој начин се подобрија условите за граѓаните кои имаат домашни миленици.

Анима Мунди во соработка со Општина Аеродром спроведе едукативна кампања со препораки за чување на домашните миленици во населените места согласно законските правила и прописи.

Исто така, се поставија информативни табли и канти за измет од миленици на територијата на Општина Аеродром.



# ТРАДИЦИОНАЛЕН ЛИКОВЕН КОНКУРС **„ЕВРОПА ВО МОЈОТ СОН“**



Општина Аеродром во соработка со Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и Европското движење во Република Македонија, по повод одбележувањето на 9-ти Мај, Денот на Европа, во 2013 година по четврти пат организира детски ликовен конкурс на тема: „Европа во мојот сон“.

На традиционалниот ликовен конкурс учествуваа децата од детските градинки во Општина Аеродром, како и учениците од одделенска и од предметна настава.

# **РЕНОВИРАН** БАЗЕНОТ „БИСЕР“



На 3.7.2013 година официјално се пушти во употреба реконструираниот базен „Бисер“ во Општина Аеродром.

Комплексот на базенот, кој беше отворен до септември, е целосно реконструиран. Санирано е коритото на базенот и тоалетите, а изграден е и нов угостителски објект.

Покрај капењето, базенот понуди и летни школи за пливање, ватерполо тренинзи, необични спортови во вода, натпревари во одбојка, аквабик и многу други содржини. Исто така, беа проширени и капацитетите за опуштање на посетителите, поставени се повеќе места за седење и креирано е детско игралиште за најмладите.

# ПРЕДНОВОГОДИШНА **ПАРИЧНА ПОМОШ** ЗА 150 НОВОРОДЕНЧИЊА

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски на 24.12.2013 година во просториите на Општината во пресрет на новогодишните празници врачи решенија за еднократна парична помош на 150 семејства со новороденчиња. Општина Аеродром секоја година доделува парична помош во висина од 5.000 денари во просек на 650 до 700 новороденчиња годишно, а оваа традиција ќе продолжи и во 2014 година.



## БЕСПЛАТНА ОБУКА ПО ИНФОРМАТИКА И АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Од октомври до декември 2013 година во седумте основни училишта на територијата на Општина Аеродром се одржа бесплатна обука по информатика и англиски јазик.

Бесплатните обуки ги држеа наставниците по информатика и по англиски јазик во основните училишта. Оваа година за бесплатните обуки се пријавија околу 1.400 кандидати.

На крајот на обуката кандидатите полагаа завршен испит, по што добија соодветни сертификати за стекнатите знаења.

## РАБОТИЛНИЦА НА НАСТАВНИЦИТЕ

Наставниците од одделенска настава од ОУ „Љубен Лапе" на 14.1.2014 година одржаа работилница на тема „Кооперативно учење", чијашто основна цел е подобрување на квалитетот во наставата. На работилницата беа применети повеќе стратегии како што се игра на улоги, бура на идеи, кооперативна сложувалка и дополнувалка, групно истражување и др. Работилницата е една од бројните активности што се организираат во ова училиште преку кои освен стручниот и индивидуалниот развој, се поттикнува и колективниот развој, така што наставниците се дружат, разменуваат свои интересни искуства, даваат предлози, дискутираат и секогаш може да се слушнат позитивни примери кои можат да се имплементираат во наставата.

## „КУЛТУРНО ЛЕТО 2013" ПОД МОТОТО „АЕРОДРОМ СЕ СМЕЕ"

Во јуни 2013 година градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, министерската за култура Елизабета Канчевска-Милевска и директорката националната установа „Театар Комедија", Јелена Жугиќ го промовираа проектот „Културно лето 2013" во Општина Аеродром.

Мотото на ова прво културно лето што се организира во општината е „Аеродром се смее".

Претставите се играа шест последователни денови од 17-ти до 22-ри јуни на отворена сцена поставена на фудбалското игралиште во близина на Паркот на езерата, а влезот за граѓаните беше бесплатен.

Министерската за култура Елизабета Канчевска – Милевска изјави дека реализацијата на манифестацијата „Аеродром се смее" е уште една потврда за одличната соработка меѓу локалната и централната власт, а сè со цел подобрување на квалитетот на културното живеење на граѓаните во оваа општина.

Директорката на „Театар Комедија", Јелена Жугиќ, пак, која всушност е носител на проектот, изрази надеж дека оваа манифестација ќе прерасне во сериозен фестивал на комедијата.

На репертоарот на културното лето на Општина Аеродром беа претставите „Ах Љу-

# ЗИМСКА ШКОЛА

Општина Аеродром во текот на зимскиот распуст организира Зимска школа, која опфати 20-тина обуки од различни области, наменети за жителите на општината. Дел од обуките беа бесплатни, а дел со симболична цена, а ги одржаа реномирани предавачи.

• • •

# ОБУКА ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ

Во ОУ „Александар Македонски“ на 17.1.2014 година се спроведе обука на тема „Образование за животни вештини“, во чии рамки се одржа и работилница под наслов „Конфликтите се скалила“ со цел надминување и спречување на конфликтните ситуации. Работилницата е една од бројните активности што се организираат во ова училиште, преку кои се засилува колективниот развој кај наставниците преку дружење, разменување искуства и идеи што можат да се применат во секојдневната практика.

• • •

# ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ВЕШТИНИ

Во април 2013 година во Општина Аеродром стартуваше циклус обуки од областа на финансиското работење.

Циклусот обуки се состоеше од 5 обуки коишто се однесуваат на основите на финансиското работење и наменет е за зголемување на вештините на невработените лица, како и за зголемување на вештините на лицата коишто имаат сопствен бизнис или пак, работат во мали и средни претпријатија што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром.




бов моја“ и „Лет на кандидатското гнездо“ од Тетар комедија, „Последните Македонци“ и „Солунски патрдии“ од Драмски театар, „Свадбата на Фигаро“ од МНТ и детската претстава „Принцот и жабата“ на приватниот театар Крик.



# 35-ТИ ТРАДИЦИОНАЛЕН КОЊИЧКИ МАРШ

Триесетина коњаници од Горно Лисиче на 27.7.2013 година во рамки на 35-от традиционален коњички марш од дворот на Општина Аеродром тргнаа кон славното Крушево, каде што потоа се приклучија на прославата на најголемиот македонски национален празник – Илинден.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, изјави дека Општината ја помага оваа манифестација веќе неколку години и ќе продолжи и натаму да ја негува традицијата, бидејќи илинденскиот марш е најголемата и најзначајната културна манифестација во Аеродром.

Тој на коњаниците им го предаде општинското знаме, додавајќи дека оваа година е особено голема честа што коњаницата ја предводи еден од најголемите македонски херои во поновата историја, Јохан Тарчуловски.

Од Општината, коњаниците придружувани од фаланга составена од дваесетина членови, игроорци од КУД „Никола Јонков Вапцаров", со звуците на зурлите и тапаните се упатија кон црквата „Свети Петар и Павле" во Горно Лисиче, минувајќи низ главните булевари на општината отпоздравувани од голем број граѓани, кои спонтано застануваа да ги испратат коњаниците или да им се придружат во колоната.

Пред свеченото испраќање на храбрите коњаници од Горно Лисиче, кои се на возраст од 15 до 60 години, во црквата „Св. Петар и Павле" се одржа свечена литургија, на која високи свештеници од Македонската православна црква им дадоа благослов на патот кон Крушево.

Пред испраќањето на илинденците се организираше свечена музичка програма каде настапија познати македонски естрадни уметници.

Меѓу оние што дојдоа да ги испратат коњаниците беа и високи претставници на политичката елита во државата, пратеници, советници и други претставници на локалната самоуправа.

# „25-ТИ ВЕЛИГДЕНСКИ СРЕДБИ“ ВО ЦРКВАТА „СВ. ПЕТАР И ПАВЛЕ“ ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

На 5.5.2013 година во дворот на црквата „Св. Петар и Павле“ во Горно Лисиче се одржаа традиционалните 25-ти велигденски средби.

Велигденските средби традиционално секоја година на Велигден ги организира Црковниот одбор на православниот храм, под покровителство на Општина Аеродром.

На манифестацијата со богата културно-уметничка програма настапија голем број естрадни ѕвезди во присуство на голем број граѓани.

Покровител на манифестацијата е Општина Аеродром.



# МИЧУРИНСКА СРЕДБА ПО 18-ТИ ПАТ



Во присуство на илјадници граѓани на 13.1.2014 година во централниот парк во населбата Мичурин по осумнаесетти пат се одржа традиционалната „Мичуринска средба“, што ја организира истоименото здружение на граѓани под покровителство на Општина Аеродром.

Според традицијата секоја година одбележувањето на празникот Василица почнува со палење на василичарскиот оган и молитва за мир, по што се крши василичарска погача со паричка за среќа. Годинава паричката падна кај Маноли Цингов, стар мичуринец кој сега живее во Торонто, Канада, и кој го презеде кумството од минатогодишниот кум Зоран Џорлев.

Во рамките на прославата на големиот православен празник „Свети Василиј Велики“, меѓу народот познат како Стара Нова Година, се одржа богата музичка програма, а за време на манифестацијата се послужуваше топол чај, сокови, греена ракија, вино и сендвичи.

Покрај домаќините и претставници на Општина Аеродром, на Мичуринската средба присуствуваа и голем број истакнати лица од политичкиот и стопанскиот живот во Република Македонија.

Општина Аеродром ќе продолжи да ги поддржува ваквите културно-забавни манифестации сè додека народот покажува интерес за тоа, како што е случајот со „Мичуринската средба“, која од маалско дружење прерасна во масовна традиција за дружба не само на Мичуринци туку и на граѓани од други населби и општини.

www.aerodrom.gov.mk